# Отворањето на месецот на франкофонијата
# Петок 5 март 2010, Кинотека на Македонија

Среќен сум што ги отворам заедно со вас манифестациите на месецот на франкофонијата.

На 20 март секоја година, франкофонијата се слави во целиот свет како празник на јазикот што го споделуваме, но кој е и воедно во одбрана на јазиците и културите што го сочинуваат човечкото богатство.

Францускиот јазик се поставува како средство за отпор против кошмарот на униформизацијата.

Тој е инструмент на поддршка кон зачувување на различните јазици во светот, јазици кои се дотолку позагрозени колку што помалку луѓе ги зборат.

Францускиот јазик ја носи во себе вредноста и почитта кон другите културите наспроти единствената мисла. Таа е еден храбар вектор на идеите чие ширење институции како центарот вЖан Монег го фаворизираат.

Трансмисијата на идеите поминува преку преводот, а политиката што ја води нашето Министерство за култура е илустрација на сето тоа, политика што ние ја поддржуваме.

Франкофонијата обединува бројни народи на земјата, посебно земјите членки на Меѓународната организација на Франкофонијата (ОИФ) кои посакаа да се обединат за ги истакнат заедничките вредности и да ги одбранат своите разлики.

Оваа идеја е чудесно пресликана во зборовите на Леопол Седар Сенгор, врежани на мермерен блок во паркот на франкофонијата посветен од страна на градот Скопје :
"Нека нашите разликите нé прават побогати
во стремежот кон сеопштите вредности"

Како секоја година, програмата на манифестации е богата и ги зближува ги земјите членки (филмска недела, саем на франкофонски земји).

Особен напор се вложува кон младите и учениците по француски јазик, преку реализација на бројни активности, а како најпопуларен настан се издвојува секако телевизиското финале на натпреварот на француска шансона.

Почетокот е вечерва, во рамките на Универзитетот за аудиовизуелни уметности во Скопје, како дел од групацијата ЕСРА Скопје- Париз-Њујорк, и во просториите на една клучна институција на аудиовизуелното богатство : Кинотеката на Македонија.

Универзитетот изрази желба оваа вечер да ја посвети на Париз, град кој не не е само главен град на Франција, туку и место на прифат на културите од целиот свет. Изложбата на Панче Велков ни претставува храмови на повеќе религии како сведоштво на нивниот диверзитет.

Диверзитетот е дефинитивно клучен збор на нашата солидарност и на взаемната почит што ние ги носиме како вредностите што нé обединуваат во Франкофонијата.